Врз основа на членот 122 став (1) точка 5) и член 131 став (2) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 08/08, 88/08, 56/09, 67/10), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

# ПРАВИЛНИК
# за формата и содржината на ревизорскиот извештај и минималниот опфат на ревизија на друштвата за осигурување и реосигурување

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на ревизорскиот извештај и минималниот опфат на ревизија на работењето и на годишните финансиски извештаи на друштвата за осигурување и реосигурување (во понатамошниот текст: друштвата за осигурување) која ја врши друштво за ревизија, како и неприфаќање на ревизорскиот извештај.

**Член 2**

Ревизијата на работењето на друштвата за осигурување и на годишните финансиски извештаи на друштвата за осигурување се врши во согласност со Законот за ревизија, Законот за супервизија на осигурување, Меѓународните стандарди за ревизија, Кодексот на етика на професионалните сметководители (IFAC), одредбите од овој правилник, како и други прописи при вршење ревизија.

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ И МИНИМАЛЕН ОПФАТ НА РЕВИЗИЈА

### Ревизија на финансиските извештаи

**Член 3**

(1) Ревизијата од член 1 на овој правилник се состои од ревизија на работењето и на годишните финансиски извештаи на друштвата за осигурување, изготвени од страна на друштвото за осигурување врз основа на сметководствената регулатива којашто е во примена (во понатамошниот текст: ревизија на друштвото за осигурување)

(2) По извршената ревизија на друштвото за осигурување, друштвото за ревизија треба да изготви Извештај за финансиските извештаи на друштвото за осигурување, односно мислење за тоа дали годишните финансиски извештаи на друштвото за осигурување се изработени во согласност со важечката сметководствената регулатива, дали финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика и дали ги прикажуваат објективно, од сите материјални аспекти,

финансиската состојба на друштвото за осигурување на датумот на финансиските извештаи и резултатите од работењето и паричните текови за годината којашто завршува на датумот на финансиските извештаи.

(3) Кон Извештајот (мислењето) од став 2 од овој член друштвото за ревизија треба да ги приложи финансиските извештаи на друштвото за осигурување кои се предмет на ревизијата, изготвени во согласност со сметководствената регулатива којашто е во примена.

**Дополнителни извештаи**
**Член 4**

Кон Извештајот (мислењето) од член 3, став 2 и кон финансиските извештаи од член 3, став 3 од овој правилник, друштвото за ревизија треба да ги подготви и приложи и следните дополнителни извештаи:

1. Писмо на друштвото за ревизија до надзорниот орган и органот на управување на друштвото за осигурување;
2. Преглед на корекции на финансиските извештаи на друштвото за осигурување предложени од страна на друштвото за ревизија, и тоа одделно корекции коишто друштвото за осигурување ги прифатило и коишто соодветно се внесени во финансиските извештаи и корекции коишто друштвото за осигурување не ги прифатило;
3. Извештај за состојбата и промените на техничките резерви;
4. Извештај за состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва;
5. Извештај за состојбата и структурата на вложувањата на останатите средства (од капиталот);
6. Извештај за спроведување на прописите за управување со ризик;
7. Извештај за спроведување на внатрешната ревизија;
8. Извештај за начинот на водење на трговските книги;
9. Извештај за квалитетот на информатичкиот систем;
10. Извештај за точноста и комплетноста на извештаите кои се доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата); и
11. Извештај за вреднување на билансните и вонбилансните ставки и сметководствени политики.

**Писмо до надзорниот орган и органот на управување на друштвото**
**Член 5**

Писмото до надзорниот орган и органот на управување на друштвото од член 4, точка 1 од овој правилник треба да содржи опис на уочените неправилности, слабости или пропусти во работењето на друштвото за осигурување утврдени во текот на ревизијата и препораки за отстранување на тие неправилности, слабости и пропусти.

## Извештај за состојбата и промените во техничките резерви

## Член 6

(1) Извештајот за состојбата и промените во техничките резерви од член 4, точка 3 од овој правилник треба да содржи:

- Состојба на техничките резерви на почетокот и на крајот на деловна година и промената во износот на техничките резерви во текот на годината;
- Мислење во однос на методите за пресметка на техничките резерви кои друштвото за осигурување ги применува за утврдување на техничките резерви на друштвото а во случај кога друштвото за осигурување не ги применило донесените методи, опис на таквото отстапување и неговите ефекти врз финансискиот резултат и финансиската состојба на друштвото за осигурување;
- Мислење за состојбата на техничките резерви дадено од страна на независен овластен актуар кое мора да содржи оценка на состојбата и адекватноста на издвоените технички резерви;
- Опис на преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;
- Препорака на друштвото за ревизија со наведување на уочените слабости и ризици кои произлегуваат од начинот на издвојување на технички резерви.

(2) За независен овластен актуар во смисла на став 1, алинеја 3 од овој член, покрај лицата кои ги исполнуваат условите од член 112 од Законот за супервизија на осигурување, се смета и лицето кое има лиценца за овластен актуар стекната во странство, како и лицата кои положиле испит за овластен актуар во согласност со програма за образование на актуари донесена од меѓународни и европски здруженија на актуари.

(3) Лицата од став 2 на овој член не смеат да бидат вработени во друштвото за осигурување или лице поврзано со друштвото за осигурување чии извештаи се предмет на ревизија.

## Извештај за состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките и/или математичката резерва

## Член 7

Извештајот за состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва резерви од член 4, точка 4 од овој правилник треба да содржи:

- Опис на состојбата и структурата на средствата кои ги покриваат техничките резерви и/или математичката резерва со споредбен преглед на издвоените технички резерви, односно математичка резерва, како и состојба на вложување на средствата кои ги покриваат техничките и/или математичката резерва на почетокот и на крајот на деловната година и промената во текот на годината;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;

- Мислење за состојбата и структурата на вложувањата на средствата кои ги покриваат техничките и/или математичката резерва во однос на усогласеност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон, со наведување на уочените слабости, неправилности и ризици кои проилегуваат од начинот на вложување на средствата кои ги покриваат техничките и/или математичката резерва, заедно со Препорака на друштвото за ревизија за отстранување на уочените слабости, неправилности и ризици.

**Извештај за состојбата и структурата на вложувањата на останатите средства (од капиталот)**
**Член 8**

Извештајот за состојбата и структурата на вложувањата на останатите средства (од капиталот) од член 4, точка 5 од овој правилник треба да содржи:

- Опис на состојбата и структурата на вложувањата на останатите средства (од капиталот), како и состојбата на вложувањата на останатите средства (од капиталот) на почетокот и на крајот на деловната година и промената во текот на годината;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;
- Мислење за состојбата и структурата на вложувањата на останатите средства (од капиталот) во однос на усогласеност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти донесени врз основа на тој закон, со наведување на уочените слабости, неправилности и ризици кои проилегуваат од начинот на вложувањата на останатите средства (од капиталот), заедно со Препорака на друштвото за ревизија за отстранување на уочените слабости, неправилности и ризици кои проилегуваат од начинот на вложувањата на останатите средства (од капиталот).

**Извештај за спроведување на прописите за управување со ризик**
**Член 9**

Извештајот за усогласеност со правилата за управување со ризик од член 4, точка 6 од овој правилник треба да содржи:

- Опис на видовите ризик на кои друштвото за осигурување е изложено во своето работење, особено опис на следните ризици: капитал и адекватноста на капиталот и усогласеност со минималните капитални барања, инвестициски ризик, кредитен ризик, инвестициски ризик, валутен ризик, ризик кој произлегува од каматните стапки, реосигурување и ликвидност;
- Опис на политиките и процедурите за управување со поединечен ризик, нивно спроведување од страна на друштвото за осигурување, уочените недостатоци во управување со поединечен ризик;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;

- Мислење за адекватноста во идентификување, мерење и управување со поединечни ризици, заедно со Препорака на друштвото за ревизија во однос на евентуални корекции при пресметка на капиталот и адекватноста на капиталот, управување со ризикот од ликвидност и солвентност, и останатите ризици на кои друштвото е изложено, како и Препорака на друштвото за ревизија за подобрување на политиките и процедурите за управување со ризик;
- Мислење на адекватноста и соодветноста на интерните контроли во друштвото врзани за управување со поединечни ризици заедно со Препорака на друштвото за ревизија за подобрување на ефикасноста и соодветноста на системот на интерни контроли во друштвото за осигурување.

**Извештај за работењето на внатрешната ревизија**

**Член 10**

Извештајот за работењето на внатрешната ревизија од член 4, точка 7 од овој правилник, треба да содржи:

- Опис на работата на внатрешната ревизија со податоци за стручната оспособеност на вработените во Службата за внатрешна ревизија;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;
- Мислење за работата на внатрешната ревизија (ревизорот треба да оцени дали работата на внатрешната ревизија е усогласена со закон и со општите акти на друштвото, дали ревизорот е независен, дали ги врши работите во согласност со правилата на струката, дали ревизорот ја проценува законитоста на работењето на друштвото за осигурување и соодветноста на системот на интерни контроли во друштвото за осигурување на начин да обезбеди сигурно и стабилно управување со друштвото за осигурување), попис на недостатоците во работењето на внатрешната ревизија и ризиците кои произлегуваат од тоа, заедно со Препорака на друштвото за ревизија за подобрување на работењето на внатрешната ревизија.

**Извештај за начинот на водење на трговските книги**

**Член 11**

Извештајот за начинот на водење на трговските книги од член 4, точка 8 од овој правилник треба да содржи:

- Опис на начинот на водење на трговските книги;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;
- Мислење на начинот на водење на трговските книги (ревизорот оценува дали друштвото за осигурување ги води деловните книги, односно дневникот, главната книга и сите останати помошни книги уредно и ажурно, на начин кој овозможува контрола во исправноста на податоците, чување и користење на податоците, како и увид во хронологијата на извршени книжења и согледување на сите промени на контата во тие

книги. Ревизорот особено треба да процени дали материјалната евиденција на непополнети полиси за осигурување – обрасци на строга евиденција во друштвото и кај задолжените лица, се води сигурно, потполно и ажурно и да направи попис на недостатоците во начинот на водење на трговските книги и ризиците кои произлегуваат од начинот на водење на трговските книги;

- Препорака на друштвото за ревизија за подобрување на начинот на водење на трговските книги.

**Извештај за информатичкиот систем**
**Член 12**

(1) Извештајот за информатичкиот систем на друштвото за осигурување од член 4, точка 9 од овој правилник треба да содржи:

- Опис на состојбата и адекватноста на управувањето со информатичкиот систем, негова усогласеност со деловните цели и пропишани интерни процедури за работа на друштвото за осигурување, ефикасноста на работењето на информатичкиот систем, политика и организација на сигурност и заштита на информатичкиот систем и податоците, соодветност на надворешните, системски и останати контроли, технолошката опременост, уочените слабости и ризици на системот и други податоци за функционирањето и безбедноста на информатичкиот систем;
- Мислење за преземените активности на друштвото за осигурување во однос на исполнување на препораките на друштвото за ревизија во претходната деловна година, заедно со оценка на ревизорот во однос на соодветноста на преземените активности;
- Мислење на ревизорот за адекватноста на управување со информатичкиот систем заедно со Препорака на друштвото за ревизија за подобрување на начинот на управување со информатичкиот систем.

(2) Извештајот од став 1 од овој член содржи и оценка која се однесува на состојбата и адекватноста во управувањето со информатичкиот систем во согласност со меѓународно признатите стандарди за ревизија на информатички системи.

**Извештај за точноста и комплетноста на извештаите**
**кои се доставуваат до Агенцијата**
**Член 13**

(1) Извештајот за точноста и комплетноста на извештаите кои се доставуваат до Агенцијата од член 4, точка 10 од овој правилник треба да содржи оценка на ревизорот за точноста и комплетноста на извештаите кои, врз основа на Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и подзаконските акти донесени врз основа на тие закони, друштвото за осигурување ги доставува до Агенцијата. Критериум за утврдување на точност и комплетност е, меѓу другото, и усогласеност со ревидираните финансиски извештаи на друштвото за осигурување.

(2) Извештајот од став 1 на овој член треба да содржи и препорака на друштвото за ревизија во однос на подобрување на точноста и комплетноста на извештаите кои се доставуваат до Агенцијата.

## Извештај за вреднување на билансните и вонбилансните ставки и сметководствени политики

### Член 14

(1) Извештајот за вреднување на билансните и вонбилансните ставки и сметководствени политики од член 4, точка 11 од овој правилник треба да содржи мислење на ревизорот за применетите сметководствени политики, вреднување на билансните и вонбилансните ставки, користените методи за вреднување на финансиските вложувања и вложувања во недвижности и останати ставки, како и нивна усогласеност со МСФИ, Законот за супервизија на осигурување и подзаконските акти донесени врз онсова на тој закон.

(2) Извештајот од став 1 на овој член треба да содржи и препорака на друштвото за ревизија во однос на подобрување на начинот на вреднување на билансни и вонбилансни ставки и сметководствени политики.

## III. НАЧИН И РОКОВИ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ (МИСЛЕЊЕ)

### Член 15

(1) Друштвата за осигурување се должни да го достават Ревизорскиот извештај (мислењето) од член 3, став 2, финансиските извештаи од член 3, став 3 и дополнителни информации и извештаи од член 4 од овој правилник, во роковите предвидени во Законот за супервизија на осигурување.

(2) Доколку друштвото за осигурување прифатило корекции од член 4, точка 1.2 од овој правилник, соодветните измени во своите деловни книги друштвото за осигурување треба да ги направи најдоцна до рокот во рамките на кој се доставуваат кварталните извештаи за првиот нареден квартал до Агенцијата.

## IV. НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ (МИСЛЕЊЕ)

### Член 16

(1) Агенцијата нема да го прифати Ревизорскиот извештај (мислење) доколку утврди дека истиот е составен спротивно на одредбите од Законот за супервизија на осигурување и одредбите од овој правилник.

(2) Во случај на неприфаќање на Ревизорскиот извештај (мислење), Агенцијата донесува решение за неприфаќање на Ревизорскиот извештај (мислење) со кое ќе му наложи на друштвото за осигурување да определи друго друштво за ревизија кое ќе изврши ревизија на работењето на друштвото за осигурување и ќе определи рок за доставување на нов ревизорски извештај (мислење).

## V. НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ (МИСЛЕЊЕ)

### Член 17

(1) Друштвото за осигурување е должно во рок од 15 дена од денот на усвојување на Ревизорскиот извештај (мислење) од страна на Собранието на акционери, но не подоцна од шест месеци од денот на завршување на календарската година за која се изготвува извештајот, да го објави Извештајот од извршената ревизија на работењето и на финансиските извештаи, и тоа на следниот начин:

- На својата интернет-страница да ги објави: Ревизорскиот извештај (мислењето) од член 3, став 2 и финансиските извештаи од член 3, став 3 од овој правилник. Тие остануваат на интернет-страницата на друштвото за осигурување сè до објавување на Извештајот за следната година;
- Во најмалку еден дневен весник да ги објави Ревизорскиот извештај (мислењето) од член 3, став 2 и финансиските извештаи од член 3, став 3 од овој правилник – без Белешките.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 19

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија“, а ќе се применува за финансиските извештаи со состојба на 31.12.2011 година.

**Бр. 0101-2795/3**
**23.12.2010 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти**
**д-р Климе Попоски**